Република Северна Македонија
**Македонска агенција за задолжителни нафтени резерви**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Agjencia Maqedonase për Rezerva të Detyrueshme të Naftës**

Бр./Nr. 04-702/1
27.05.2021 год.

Македонска агенција за задолжителни нафтени резерви

ул. Орце Николов, бр 71
1000 Скопје, п.фах 375
Република Северна Македонија
Тел. +389 2 3225 228
+389 2 3225 153
Факс. +389 2 3225 165
Сајт: www.dcor.gov.mk
e-mail: info@dcor.gov.mk

Agjencia Maqedonase për Rezervat e Detyrueshme të Naftës
rr.Orce Nikollov – 71
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel. +389 2 3225 228
+389 2 3225 153
Fax. +389 2 3225 165
www.dcor.gov.mk
e-mail: info@dcor.gov.mk

Врз основа на член 22 став (1) алинеја 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14 и 27/16, 35/2018, 198/18 и 143/19), како и согласно член 22 став (1) алинеја 1 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и 110/19), Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС бр.02/2021

## за вработување на определено време на 2 (две) лица во Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви поради привремено зголемен обем на работа, до крајот на фискалната година (2021)

Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви има потреба за вработување на 2 (лица) лица на определено време до 31.12.2021 година за следните работни места:

**1. Помлад соработник за преведување од македонски на албански јазик и обратно** - Одделение за поддршка на канцеларијата на директорот, (1) извршител.

а) Посебни услови:

- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Наука за книжевност, Наука за јазик (лингвистика).

- работно искуство, и тоа:

- со или без работно искуство во струката.

б) Посебни работни компетенции:

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).


Македонска агенција за задолжителни нафтени резерви
+3892 3225 228; +3892 3225 165; info@dcor.gov.mk
Република Северна Македонија
ул.Орце Николов бр. 71, 1000-Скопје
Agjencia Maqedonase për Rezerva të Detyrueshme të Naftës
Republika e Maqedonisë së Veriut
rr.Orce Nikollov – 71 , 1000- Shkup

в) Распоред на работното време:

- неделно работно време: од понеделник до петок;

- работни часови неделно: 40

- дневно работно време: со почеток на работно време помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото поемѓу 15:30 и 16:30, со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа.

г) Платата за работното место е во паричен нето износ од 22.238,00 денари.

**2. Соработник за материјално книговодство** - Одделение за сметководство и плаќања и материјално книговодство во Сектор за финансиски прашања, (1) извршител.

а) Посебни услови:
- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Економски науки.
- работно искуство, и тоа:
- најмалку една година работно искуство во струката.

б) Посебни работни компетенции:
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

в) Распоред на работното време:
- неделно работно време: од понеделник до петок;
- работни часови неделно: 40
- дневно работно време: со почеток на работно време помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото поемѓу 15:30 и 16:30, со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа.

г) Платата за работното место е во паричен нето износ од 23.933,00 денари.

Кандидатите треба да ги исполнуваат општите и посебните услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места на Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање.


Македонска агенција за задолжителни нафтени резерви
ул.Орце Николов бр. 71, 1000-Скопје
+3892 3225 228; +3892 3225 165; info@dcor.gov.mk
Република Северна Македонија
Agjencia Maqedonase për Rezerva të Detyrueshme të Naftës
rr.Orce Nikollov – 71 , 1000- Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Кандидатите потребно е со **Пријавата** која е објавена на веб страната на Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви www.dcor.gov.mk да ги достават следните документи во оригинална форма или копија заверена на нотар, и тоа:

- Доказ за државјанство;
- Доказ дека не им е изречена забрана на вршење професија, дејност или должност;
- Доказ за општа здраствена состојба за работното место;
- Уверение / диплома за завршен степен на образование;
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски јазик);
- Кратка биографија (со задолжителен контакт телефон и адреса);
- Писмо за мотивација

Со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на определено време до 31.12.2021 година.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 работни дена од денот на објавувањето на огласот. Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви или по пошта на следнава адреса:

Македонска агенција за задолжителни нафтени резерви
Ул. Орце Николов, бр. 71, 1000 Скопје
Архивата на Агенцијата
(со назнака „за оглас за вработување")
Контакт број: 02 3225 228

Ненавремените и некомплентни пријави нема да се разгледуваат.

**Македонска агенција за задолжителни нафтени резерви**
**Директор / Drejtor**
**Ulusi Beqiri**